58975

1950,22

ВТОРНИК 19 ДЕКЕМВРИ 2006 ВЕСТ

ДИРЕКТОРОТ НА НАЦИОНАЛНАТА ГАЛЕРИЈА ТЕОДОСИЕВСКИ РЕАГИРА

# Изборот за Венецискoто биенале е пристрастен



*"Логични слики" на Благоја Маневски, македонски претставник на 52. Венециско биенале*

**■ Златко Теодосиевски, директорот на Националната галерија, смета дека комисијата не била објективна и оти членовите биле инволвирани во избраниот проект, а Министерството за култура со контрааргументи**

Директорот на Националната галерија Златко Теодосиевски смета дека одлуката "Логични слики" на Благоја Маневски да биде македонски претставник на 52. Венециско биенале не е објективна зашто, како што ни рече, членовите на комисијата се луѓе кои учествувале на тој проект во неговите рани фази. "Тоа е исто како јас да конкурирам и сам да одлучам да одам", ни рече Теодосиевски.

Теодосиевски реагира и до Министерството за култура, од каде што сметат дека ова негово мислење е тенденциозно и необјективно.

Во одговорот на Министерството пишува: "Работата на комисијата ја сметаме за објективна и транспарентна. Во прилог на ова оди и тоа што целосниот записник од седницата на која се утврдуваше проектот е пратен до јавноста и е ставен на увид. Посочените имиња од Златко Теодосиевски се докажани професионалци во својата област и ги третираат сите уметници со подеднаква важност", се вели во одговорот на Министерството за култура. Оттаму го поставуваат прашањето зошто Теодосиевски го актуализира изборот по повеќе од еден месец од одлуката, и потсетуваат оти, како што велат: "Проектот на Златко Теодосиевски неколкупати по ред е одбиван од неколку различни комисии".

Претседател на комисијата беше Лилјана Неделковска од Музејот на современа уметност од Скопје, а членови уметниците Јован Шумковски и Решад Амети. Неделковска ни рече дека не ја прифаќа реакцијата, бидејќи комисијата се обидела најобјективно да оценува и проектот на Маневски го смета за најчист. Нејзе не ѝ е сеедно дека отпаднал проектот на Симон Шемов со кој конкурирала Националната галерија и Теодосиевски, но тие се воделе по критериумите што ги наложувало Венециското биенале.

Неделковска работи во Музејот на современа уметност каде што Маневски првпат ја поставил инсталацијата "Логични слики", а Шумковски тогаш го работел дизајнот на каталогот. Тие податоци за членовите на комисијата не значат никаква вмешаност или пристрастност при одлучувањето.

**(М. За.)**